Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2026-2028

Скопје, јануари 2026 година



*Почитувани,*

*Со задоволство ви го претставувам Стратешкиот план на Бирото за развој на образованието за периодот 2026-2028. Овој документ ја содржи визијата за квалитетно образование и воспитание и ја поставува основата за развој на македонскиот образовен систем.*

*Имено, нашата цел е постигнување на поголема ефикасност и ефективност во целокупното работење на Бирото што води кон унапредување на квалитетот на образовниот систем како фундамент за развивање на стабилно и модерно општество. Приоритет ни е да создадеме услови и можности за учениците да развиваат компетенции и успешно да се соочуваат со секојдневните предизвици на општеството и на пазарот на трудот.*

*Со цел да ја унапредиме ефикасноста на нашето работење, идентификувавме стратешки приоритети и цели со дефинирани активности и индикатори кои ќе ни служат како основа за мерење на напредокот. Оваа структура нè обврзува за одговорност и унапредување на квалитетот на образованието, бидејќи веруваме дека образованието е клучен фактор за развојот на нашата земја, како и за интеграција на европските процеси.*

*Квалитетната настава и професионалниот ангажман на наставниците се клучни за остварување на оптимални резултати во образованиот систем. Покрај поучувањето на учениците, наш предизвик е поголема мотивираност на наставниците кои имаат клучна улога во формирањето на новите генерации.*

*Развојот на системот за образование и воспитание ќе се реализира преку следење, обезбедување и унапредување на квалитетот, како и преку изведување на развојни, советодавни, истражувачки и други стручни работи во предучилишното, основното и средното образование и воспитание.*

*Овој Стратешки план е резултат на заедничката работа на сите вработени во Бирото и на плодната соработка со нашите партнери и сите засегнати страни.*

*Во оваа насока, ви посакувам успешна имплементација на нашата заедничка визија и ви благодарам за вашата посветеност.*

*Со почит,*

*Бр.01-67/1*
*13.01.2026*
*Скопје*

______________________________
*м-р Милка Тримчевска*
*директор*

# СОДРЖИНА

ПОИМНИК ........................................ 5

1.1. ВОВЕД ........................................6
1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ........................................7
1.2.1. ИСТОРИЈАТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО........................................7
1.2.2. АНАЛИЗА НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ........................................9
1.2.2.1. SWOT АНАЛИЗА ........................................10
1.2.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА ........................................12
1.2.2.3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ........................................14
1.2.2.4. РАСПОЛОЖЛИВА ИНФРАСТРУКТУРА ........................................14
1.2.2.5. ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ ........................................14
1.2.2.6. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........................................15
1.2.2.7. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ........................................15
1.3. МИСИЈА ........................................17
1.4.ВИЗИЈА ........................................17
1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО........................................18
1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ........................................18
1.7. СТРУКТУРА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ........................................19
1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ ........................................25
1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ........................................25
1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД 2023 ГОДИНА ........................................27
1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД 2024 ГОДИНА........................................29
2. ПРОГРАМИ ........................................33
2.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМАТА: КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ........................................33
3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ........................................65
4. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ........................................66
5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ........................................66
6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ ........................................68
7. РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ........................................74
7.1. РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 1 ........................................75

## ПОИМНИК

АА

АПЈ

БРО

ВРСМ

ДИЦ

ДПИ

ЕУ

МЈА

МОН

МСПДМ

МФ

НПАА

УКИМ

ЦРСО

ACQUIS

Агенција за примена на јазикот

Биро за развој на образованието

Влада на Република Северна Македонија

Државен испитен центар

Државен просветен инспекторат

Европска Унија

Министерство за јавна администрација

Министерство за образование и наука

Министерство за социјална политика, демографија и млади

Министерство за финансии

Национална програма за усвојување на правото во Европската Унија

Универзитет „Св.Кирил и Методиј“

Центар за развој на стручното образование

Акумулирана легислатива, правни акти и судски решенија кои претставуваат тело на правото на Европската Унија

Агенција за администрација

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст: Бирото), орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице, е изработен за периодот 2026 - 2028 година и претставува основен стратешки плански документ за развој, кој се темели на претходно изработена сестрана анализа на состојбата во областа на делувањето на институцијата.

Анализата на состојбата односно утврдување на почетната состојба, како еден од инструментите за креирање на политиките, како процес помогна индивидуално и групно да се изгради заедничко разбирање на проблемите од приоритетно значење, но истовремено за анализа на клучните фактори, движења и трендови во областа во на нашето делување и работење со што се утврдени стратешките приоритетите и целите за наредниот период на Бирото конзистентно со приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

При изработката на стратешкиот план земени се в предвид насоките утврдени со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/08 и 58/18) Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Сл. весник на Република Македонија бр. 131/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во поцесот на следење, оценување и известување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Сл. весник на Република Македонија бр. 131/18).

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 1.2.1. ИСТОРИЈАТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Првиот чекор за формирање завод за унапредување на образованието и воспитувањето е направен во летото 1955 година. Поточно, на 11 август 1955 година со Решение на Извршниот совет на НР Македонија, бр. 214 (заради започнување подготовки за реформата на школството на просторот на ФНР Југославија), се формира Завод за унапредување и проучување на школството, за вршење на просветно-педагошка служба во НР Македонија.

Заводот почнал да работи на 1 јануари 1956 година. Неговата главна надлежност била подготовката на материјали за реформа на школството. Советот за просвета на НР Македонија согледал дека не е можно да се прават реформи во образованието без солидна подготовка на учителите и нивно постојано оспособување за исполнување на толку сложена и општествено значајна работа.

Стручните работници во Заводот имале надлежности да присуствуваат на наставата, да се грижат за учебното градиво, за негова оценка и да ги пренесуваат теориските сознанија во наставната практика. Од самиот почеток на оваа дејност, Заводот дава мислења и предлози за составување на наставните планови и наставните програми и води постојана грижа за нивна примена во училиштата. За исполнување на овие сложени цели биле создадени стручни тимови коишто ги спроведувале промените во училиштата, предлагале мерки за стручно подготвување на учителскиот кадар, проучувале и давале предлози за обновување на постојните и за градење нови училишни објекти.

Формирањето на првиот завод се совпаѓа со започнувањето на темелните подготовки и интензивирање на активностите за првата реформа на образованието во 1958 година. Така, својата дејност оваа служба ја започнува како орган на управа во рамките на Советот за просвета на НРМ. Во 1960 година, од потребата за нејзино изградување и насочување кон самостојна институција што ќе предлага мерки за подобрување на квалитетот на образованието во сите образовни институции, е донесен Закон за просветно-педагошката служба на НРМ („Сл. весник на НРМ“, бр. 16/60). Со него е регулирана севкупната дејност на Републичкиот завод за унапредување на школството, а се формираат и околински заводи во Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Титов Велес, Тетово, Берово, Струмица, Гостивар и Куманово.

Заводите од тој период работат како самостојни установи, но во рамките на органите на управата.

Позначајна трансформација на просветно-педагошката служба настанува со Законот за организирање дејност за унапредување на образованието и воспитанието од 1974 год. („Сл. весник на СРМ“ бр. 17/74), која создава правна основа за организирање квалитетна просветно-педагошка служба, задолжена за анализирање и проучување на педагошката практика на наставниците и училиштата на целата територија на Република Македонија. Со наведениот Закон, имајќи ги предвид задачите и функцијата, постојните заводи за школство од органи за управа се трансформираат во заводи за унапредување на образованието и воспитанието.

Врз основа на постигнатите резултати периодот од 1974 год. до деведесеттите години (со донесувањето на Законот за органите на управата од 28 септември 1990 год.) со право може да се одбележи како време во кое доаѓа до поголем израз стручната компетентност на заводот.

Во периодот по 1990 година, заводите за унапредување на образованието поминаа низ најтешката фаза од нивното напредување.

Со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 40/1990) се споија сите општински и меѓуопштински заводи и Републичкиот завод за унапредување на образованието во една институција и формиран е Педагошки завод на Македонија.

Со оваа трансформација се усогласува развојот на дејноста за унапредување на образованието во предуниверзитетското образование во Република Македонија.

Но, уште подрастични се измените што произлегоа од Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2000 година („Сл. весник на РМ“ бр. 58/2000) кога Педагошкиот завод на Македонија продолжи да работи како **Биро за развој на образованието**, орган во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице, како носител на сите значајни реформи во предучилишното, основното и средното образование.

## 1.2.2. АНАЛИЗА НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА

Бирото за развој на образованието, како орган во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице, врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република

Северна Македонија. Приоритетите и целите поставени во Стратешкиот план за 2026 – 2028 година се базираат на резултатите од анализата за работата на Бирото, а предвидените активности во Стратешкиот план ќе бидат обврска на сите вработени да ги постигнат поставените показатели за успешност.

Пред утврдувањето на стратешките приоритети и приоритетните цели за наредниот тригодишен период и воопшто плановите за во иднина, се пристапи кон изработка на квалитетна анализа на клучните фактори, услови, околности, современите трендови и движења во областа од надлежност на Бирото во согласност со утврдената мисија, приотоа раководејќи се од потребата од нивна конзистентност и усогласеност со стратешките приоритети и цели на Министерство за образование и наука и на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Со анализа на постојната состојба генерално се работеше на изнаоѓање на одговор на следните неколку прашања:

Каде сме како Биро во контекст на областа на нашето делување, каква е состојбата во областа, кои се клучните приоритетни проблеми, каква е нивната природата и влијание, зошто е значајно да се реши приоритетно проблемот (и), кои се засегнатите страни од проблемот односно проблемите?

Од клучна важност беше идентификување и избирање на приоритетните прашања коишто го засегаат Бирото и постигнување усогласен став во однос на критичните т.е. клучните приоритетни прашања и цели.

Исто така, направена е анализа на расположивите севкупни финансиски и човечки ресурси и капацитети; утврдување на капацитети коишто треба да се подобрат/зајакнат; утврдување на ризиците од внатрешното и надворешното опкружување коишто можат да го загрозат/отежнат остварувањето на планираните резултати, со истовремено идентификување на силните страни и можностите/предизвиците коишто ни стојат на располагање и треба да се искористат.

### 1.2.2.1. SWOT АНАЛИЗА

На ниво на Бирото за развој на образованието се изработи SWOT анализа (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats), како инструмент за анализа на состојбата во институцијата со којашто се утврдени предностите, слабостите, препознаени се можностите и заканите од интерес за понатамошно успешно функционирање на Бирото.

Со анализата се овозможи скенирање на внатрешните состојби, односно се одредија сите важни моменти во функционирањето на Бирото, застапувањето на интересите на сите организациски единици, како и факторите од надворешното опкружување.

Изработувањето на анализата придонесува кон исполнување на следните цели:

- имплементација на функционалната анализа во насока на зајакнување на капацитетите;

- зголемување на нивото на функционалност и ефикасност на Бирото;

- идентификување и справување со ризици;

- воспоставување на адекватен систем за примена на соодветни политики и координација/комуникација;

- зајакнување на институционалните капацитети во насока на развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Северна Македонија;

- определување на насоките на стратешкото планирање, следење на спроведувањето и евалуација;

- зајакнување и конкретизирање на институционалната соработка со засегнатите страни;

- воспоставување на адекватен систем за континуирано надградување на вработените на Бирото.

*Табела: SWOT Анализа*

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • Богато искуство и историјат<br>• Висок квалитет на работата на вработените<br>• Добри постигнати резултати<br>• Соодветна организациска поставеност<br>• Следење на технолошкиот развој и трендовите<br>• Инклузивност | • Недостиг на човечки ресурси<br>• Недостиг на материјални услови за работа<br>• Застарена ИКТ технологија<br>• Ограниченост во кариерниот развој<br>• Недостиг на простории во сопственост |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Размена на искуства и добри практики со слични и сродни институции во регионот и ЕУ<br>• Зајакнување на капацитетите и вештините на вработените<br>• Зголемување на бројот на вработените<br>• Подобрување на условите за работа<br>• Подобрување на перцепцијата за институцијата<br>• Решавање на имотно – правните односи | • Одлив на професионален кадар<br>• Економски промени (недоволни финансиски средства) на институцијата<br>• Недоволна конкуренција помеѓу економските оператори<br>• Отпор кон новитети<br>• Промени во политичкото опкружување<br>• Чести промени во законодавството и нехармонизација меѓу законските прописи |

### 1.2.2.2. АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА

При утврдувањето на приоритетите и целите, Бирото за развој на образованието се раководеше според следните начела:

- поврзаноста на мисијата на Бирото за развој на образованието со стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, а следствено на тоа и со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Одлука за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Сл. весник на РСМ, бр. 177 од 26.8.2024 година), од Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, приоритетите и целите во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, Стратегијата за развој на образованието 2018-2025;
- усогласеноста на приоритетите и целите на Бирото за развој на образованието со приоритетите и целите на Министерството за образование и наука како орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука;
- реалната остварливост на зацртаните приоритети и цели, а во согласност со реално расположливите ресурси и капацитети на Бирото за развој на образованието;
- мерливоста на резултатите преку балансирана, релевантна група на показатели на успешноста.

Стратешкиот план на Бирото се заснова врз основа на:

- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028;
- Програма за работа на Владата за 2025 година;
- Одлука за изменување на одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година;
- Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025 (НПАА);
- Законот за Бирото за развој на образованието;
- Законот за националната рамка на квалификациите;
- Закон за заштита на децата;
- Законот за основно образование;
- Законот за средно образование;
- Законот за стручно образование и обука;
- Законот за образование на возрасните;
- Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;
- Законот за заштита на децата;
- Законот за учебници за основно и средно образование;
- Закон за педагошка служба;

- Закон за државниот испитен центар;
- Законот за просветна инспекција;
- Закон за спортска академија;
- Законот за административни службеници;
- Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- Стратегијата за образование 2018-2025 година;
- Стратегија за образование на возрасните;
- Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030;
- Стратегија за родова еднаквост 2022–2027;
- Концепцијата за основно образование 2021;
- Концепција инклузивно образование;
- Концепција за изработка на учебник;
- Концепцијата за модернизација на техничкото образование;
- OECD (2019), OECD Reviews of Evaluation and Assessment in Education: North Macedonia;
- И други релевантни национални и меѓународни стратешки документи;
- Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието;
- Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за развој на образованието.

Во однос на содржината, временскиот опфат и другите елементи, планот е реален.

Исто така, при изработката на Стратешкиот план на Бирото за развој на образованието беа земени во предвид и постигнатите резултати во 2024 година презентирани во Извештајот за спроведување на Годишниот план на Бирото за развој на образованието за 2024 година и извршената анализа и евалуација на постигнатите резултати во рамките на програмите и проектите кои се спроведуваа во тек на 2025 година.

### 1.2.2.3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Од големо значење е утврдување на сите субјекти или групи кои имаат директен или индиректен бенифит или соодветно влијание од реализирањето на мерките и активностите планирани со Стратешкиот план на Бирото за развој на образованието.

Исто така, имајќи ја во предвид и важноста од консултации со засегнатите страни, како важен механизам за подобрување на квалитетот на работењето, Бирото планира да изврши проценка на нивото на интересот на засегнатите страни (директори на образовни установи, воспитувачи, наставници, стручни соработници, родители, ученици) за да се предвидат разните аспекти во доменот на реакциите, заинтересираноста, партиципативноста и слични однесувања поврзани со имлементацијата и постимлементацијата на стратешкиот план како развоен стратешки документ.

### 1.2.2.4. РАСПОЛОЖЛИВА ИНФРАСТРУКТУРА

Бирото за развој на образованието не располага со сопствени простории за работа (седиштето на Бирото во Скопје е во сопственост на Владата, додека подрачните единици користат простории под наем). Потребно е итно решавање на имотно-правните односи на Бирото.

Материјалните ресурси коишто Бирото за развој на образованието ги има на располагање во рамките на своите внатрешни организациски единици: опремени канцелариски простории, телефонски линии, ИКТ опрема со Интернет, софтверски системи, ИКТ информациски систем на Бирото, моторни возила, се на незадоволително ниво.

### 1.2.2.5. ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Средствата за финансирање на работата на Бирото за развој на образованието се обезбедуваат од:

- буџетот на Република Северна Македонија;

- сопствени приходи;

- донации.

### 1.2.2.6. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во моментов Бирото за развој на образованието брои вкупно 148 вработени.

Седиштето на Бирото е во Скопје. За извршување на работите од надлежност на Бирото надвор од седиштето, особено за вршење на советодавната стручна работа и инструктивно-менторската работа на воспитно-образовниот и раководниот кадар формирани се подрачни одделенија во Штип, Струмица, Велес, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Тетово и Гостивар.

Управувањето со вработените во Бирото е стратешки организирано со следнава цел: секој вработен индивидуално како и сите заедно да се стремат кон постигнување на поставените цели, зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко професионално ниво.

Постои многу поголем одлив на стручен кадар преку пензионирања, заминување на други работни места и заминување во странство. Годишните планови за вработување во кои има предлог за поголем број на вработувања, отколку за пензионирање, во согласност со празните места во систематизацијата и зголемениот обем на работа на Бирото за спроведување на реформите во образованието, не добиваат одобрување и во согласност со Министерство за финансии. Тоа претставува сериозен проблем при извршување на задачите и надлежностите на Бирото за развој на образованието.

### 1.2.2.7. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Бирото за развој на образованието соработува со национални и меѓународни институции и организации:

- Владата на Република Северна Македонија;
- Генерален секретаријат на ВРСМ;
- Министерството за образование и наука;
- Министерство за финансии;
- Министерство за економија;
- Министерство за социјална политика, демографија и млади;
- Министрество за јавна администрација;
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Министерство за надворешни работи;
- Секретаријат за законодавство;
- Секретаријат за европски прашања;
- Центар за развој на стручното образование;
- Државен испитен центар;
- Државен просветен инспекторат;
- Педагошка служба;
- Центар за образование на возрасните;
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;
- Јавните детски градинки во РСМ;
- Основите училишта во РСМ;
- Средните училишта во РСМ;
- Ученичките домови во РСМ;

- Регионални центри;
- Единиците на локалната самоуправа во РСМ;
- Канцеларијата на Европската унија во РСМ;
- Европска фондација за обуки (ЕТФ);
- Организација за европска безбедност и соработка (ОБСЕ);
- Програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје;
- Народна банка на РСМ;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Светска банка во РСМ;
- Државна комисија за спречување на корупција;
- Агенција за млади и спорт;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) - Скопје;
- Универзитет „Гоце Делчев“ (УГД) – Штип;
- Државен универзитет во Тетово (ДУТ);
- Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ – Скопје;
- Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ – Битола;
- НУБ „Св. Климент Охридски“;
- Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО);
- Центар за човекови права и разрешување на конфликти;
- Фондација отворено општество во РСМ;
- Фондацијата за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор“ - Скопје;
- Детска фондација Песталоци;
- Прва детска амбасада Меѓаши;
- JA Achievement – Macedonia;
- Канцеларија на УНИЦЕФ;
- УНФПА;
- Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА;
- Мировен корпус во РСМ;
- Меѓународна организација ИРЕКС;
- Македонскиот институт за медиуми (МИМ),
- Институтот за комуникациски студии (ИКС);
- Младинскиот образовен форум (МОФ).

## 1.3. МИСИЈА

Унапредување и развој на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното, гимназиското, уметничкото образование, општообразовните предмети во средното стручно, специјалистичкото,

образованието на возрасните, на децата со посебни образовни потреби, воспитно-образовната дејност на ученичките домови, како и образованието на децата на граѓаните на Република Северна Македонија во дијаспората за учење на мајчиниот јазик и култура.

Својата мисија Бирото за развој на образованието ја реализира преку развивање на нови наставни планови и програми, развојни истражувања, советувања и обуки на воспитно-образовниот кадар, следење на постигањата на учениците, публикување на прирачници, списанија и други дидактички материјали за поддршка на наставата.

## 1.4. ВИЗИЈА

Обезбедување на квалитетно образование и воспитание за младите генерации за стекнување на компетенции потребни за успешно и активно вклучување во севкупниот живот и на пазарот на трудот.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Бирото за развој на образованието во согласност со обврските утврдени со закон ги врши следните задачи:

- изработува концепти за развој на воспитно-образовниот систем, образовни стандарди, наставни планови и програми за предучилишното, основното, средното и специјалистичкото образование, образование на учениците со посебни образовни потреби и за образованието на возрасните;

- врши и организира истражувања во областа на образованието како основа за развивање на образовните политики во државата;

- организира и спроведува активности за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар;

- ја следи и вреднува реализацијата на воспитно-образовната работа и дава стручно-советодавна поддршка на воспитно-образовниот кадар;

- изработува концепција за учебници, програма за издавање на учебници и методологија за стручно вреднување на ракописи на учебник и за вреднување на квалитетот на учебниците;

- издава педагошка документација и евиденција за основно и средно образование;

- воспоставува и развива информативно-документациски систем во рамките на надлежностите на Бирото за развој на образованието.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Бирото за развој на образованието е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице.

## 1.7. СТРУКТУРА НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Во рамките на Бирото за развој на образованието се институционализирани седум сектори и три самостојни одделенија.

➢ **Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми** со клучна надлежност да изготвува концепти за развој на образовниот систем, наставни планови и програми за предучилишното, основното, средното и специјалистичкото образование, како и за образованието на учениците со посебни образовни потреби и образованието на возрасните. За реализација на оваа активност, Секторот изготвува анализи, и организира дискусии, врз основа на кои ги утврдува потребите за развој на наставните планови и програми и други концепциски документи.

Во рамките на секторот се институционализирани три одделенија:

- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стан-дарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава;

- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметната настава во основното образование и

- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, уметничкото образование и за општообразовни предмети.

➢ **Сектор за истражувања во образованието** со клучна надлежност да врши проучување, да реализира развојни и акциски истражувања поврзани со развојот и унапредувањето на воспитно-образовната работа, да изработува годишни плнови за развој на истражувањето, да ја организира и координира работата на стручните тимови кои работат на развојни истражувања, да ја следи реализацијата на истражувањата и да ги информира училиштата и другите установи, да организира стручни и научни дискусии за истражувањето на актуелни теми и проблеми кај нас и во другите земји и да ја поттикнува примената на резултатите од истражувањата во областа на образованието.

Во рамките на секторот се институционализирани две одделенија:

- Одделение за истражување, развој и системски прашања и
- Одделение за меѓународна соработка.

➢ **Сектор за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и советодавна стручна работа** со клучна надлежност да изработува анализи и врз основа на истите да ги утврдува потребите за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници), да организира тематски дискусии во врска со професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар, да изработува долгорочен план за потребите за обука на воспитно-образовниот кадар, да изработува долгорочен и годишен план на активности за обука на воспитно-образовниот кадар, да ги спроведува постапките за акредитација за обезбедување на услуги во врска со спроведување на програми за обука на воспитно-образовниот кадар, како и да
изработува методологија и алатки за реализација на советодавни посети стручни увиди, да изготви годишен план за нивна реализацијан и ажурирање на истите.
Во рамките на секторот се институционализирани две одделенија:

- Одделението за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и
- Одделението за советодавна-стручна работа.

➢ **Сектор за издавачка дејност** има надлежност да: предлага обрасци за педагошка евиденција и документација; прибере податоци за бројот на ученици и бројот на паралелки според наставен јазик од сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија; изработи прегледи за бројот на учениците и бројот на паралелките според наставен јазик за основните и средните училишта во Република Северна Македонија; изработи Издавачки план на Бирото и изработи планови за дистрибуција на педагошката документација и евиденција за основните и средните училишта; издава педагошка документација и евиденција за основното и средното образование; спроведе јавни набавки за печатење на педагошката документација и евиденција и истите ги доставува бесплатно до училиштата; следи извршување на услугите на избраните понудувачи во однос на квалитетот и утврдените рокови; следи дистрибуција на испечатената педагошка документација и евиденција и нејзиното доставување до училиштата; издава наставни планови и програми за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образование на децата со посебни образовни потреби и за основното образование на возрасните; издава прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници; развива дигитални содржини за квалитетна реализација на наставата, креира онлајн курсеви и организира стручна поддршка на советниците за реализација на онлајн курсевите.

Во рамките на секторот се институционализирани две одделенија:

- Одделение за издавачка дејност и педагошка документација и
- Одделение за развивање дигитални содржини и онлајн курсеви.

➢ **Сектор за следење и евалвација на постигањата на учениците и наставниците** врши истражувања за следење и евалвација на постигањата на учениците и наставниците, развива современи дидактички начини и постапки за следење на постигањата на учениците и наставниците, спроведува вонредни екстерни проверувања на постигањата на учениците, врши подготовка и обезбедува поддршка на процесот на самоевалвација на училиштата, како и поддршка при реализација на државната матура. Во соработка со Државниот испитен центар (ДИЦ) обезбедува поддршка и обуки на наставниците во основното и средното образование за меѓународните тестирања ПИСА, ТИМСС и ПИРЛС.

Во состав на Секторот за следење и евалвација на постигањата на учениците и наставниците, покрај истоименото одделение се и подрачните единици на Бирото,

во Штип, Струмица, Велес, Кавадарци, Куманово, Охрид, Прилеп, Тетово и Гостивар.

- **Сектор за логистика** со клучна надлежност за студиско-аналитички и административно-технички работи, односно нормативно-правно работење поврзано со дејноста на Бирото (правилници, упатства, процедури и слични акти),

подготовка на законските и подзаконските акти и други прописи од дејноста на образованието, спроведување постапки за обезбедување на услуги во изработка на нови наставни програми, односно осовременување на постојните наставни програми во согласност со Законот, спроведување постапки за акредитација за обезбедување на услуги во врска со спроведување на програмите за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар, како и спроведување постапки за обезбедување на услуги поврзани со фундаменталните истражувања во образованието утврдени со програмата за работа и со законите за основно и за средно образование.

Во рамките на секторот се институционализирани две одделенија:

- Одделение за нормативно-правни и канцелариски работи и
- Одделение за јавни набавки и општи работи.

- **Сектор за финансиски прашања** со клучна надлежност да ги врши работите што се однесуваат на: изработување предлог буџет за Бирото, ЦСОО и ДИЦ (како корисници од втора линија од буџетот на Бирото); изработување годишни и квартални финансиски планови; следењето и примената на законите, подзаконските акти и другите прописи што се однесуваат на сметководството и буџетот и на користењето и располагањето со стварите на државните органи; следење на состојбата и движењата на средствата и изворите на средства на Бирото; работување на финансиски план на Бирото; следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците; составувањето, примањето, ликвидирањето и контролата на сметководствените исправи;

пресметувањето и исплатата на платите; водењето евиденција на платите на државните службеници, другите работници и именуваните лица во Бирото; благајничкото работење; отворањето на акредитиви и дозначувањето на средства на одделенијата во подрачните единици и нивното гаснење; водењето деловни книги предвидени со Законот за сметководството; усогласувањето на средствата и изворите на средствата на сметководствената состојба со вистинската состојба; пресметувањето на амортизацијата и ревалоризацијата; како и изработувањето на завршната сметка на Бирото.

Во рамките на секторот се институционализирани три одделенија:

- Одделение за буџетска координација,
- Одделение за буџетска контрола и
- Одделение за сметководство и плаќање.

➢ **Одделение за управување со човечки ресурси** со клучна надлежност да врши работи поврзани со организациската поставеност на Бирото; да изготвува годишна програма за стручно оспособување и усовршување на државните службеници и следење на нивниот напредок; да води персонална евиденција/досиеа, годишни одмори, платен одмор, боледување на вработените на Бирото; да спроведува анкети и анализи за ефикасно работење на проблемите во практиката на одделенијата, лоцирање на слабостите во системот; да спроведува процедури за вработување и одјавување од работа; да дава насоки поврзани со оценувањето на државните службеници и ги доставува обрасците за оценување на државните службеници; да доставува Годишен извештај за оценување на државните службеници до Агенцијата за администрација (АА).

➢ **Одделение за внатрешна ревизија** со клучна надлежност да ја зголеми ефективноста на ситемите за внатрешна контрола и давање препораки за отстранување на утврдените нерегуларности и слабости, следење на спроведувањето на дадените препораки, изработување на стратегии, планови информации во врска со внатрешната ревизија, како и чување на документацијата за извршените ревизии и соработка со ревизорите од Државниот завод за ревизија.

➢ **Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење, анализа** врши координација на изработката на Стратешкиот план и следење на неговото доследно спроведување, оценување на постигнатите резултати и известување; студиско-аналитички работи во врска со дефинирањето на стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието; следење на спроведувањето на стратешките приоритети на Бирото и Владата; организирање, иницирање соработка во процесот на подготовка на одлуката за утврдување на стратешките приоритети и давање предлози со мерки; следење на пројавените системски и тековни проблеми во спроведувањето на стратешките приоритети, стручна обработка на прашањата коишто се од значење за примената на

законските одредби; изработување тези за изработка на законски и други прописи, општи акти и информативно-аналитички работи; изработување анализи, извештаи, и информации во врска со стратешкото планирање.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education



## 1.8. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Корисници од втора линија на буџетот на Бирото за развој на образованието се: Државен испитен центар и Центар за развој на стручното образование.

## 1.9. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Приоритет: **Унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование**

**Цели:**

- изработување/ревидирање на националните образовни стандарди за предучилишното, основното и средното образование;
- изработување на нови наставни програми за предучилишно, основно и средно образование (гимназиско, уметничко и општообразовни предмети во стручното образование) согласно динамиката на имплементација на Концепцијата за основно образование и претстојните реформи во средното образование;;
- истражувања и анализи за унапредување на клучните аспекти од воспитно-образовниот процес;
- развивање на концепти и подзаконски акти во согласност со Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;
- изработување на нов Закон за Бирото за развој на образование;
- осовременување на наставните програми за општообразовните предмети за средното стручно образование во согласност со барањата на пазарот на трудот и стопанството.

Приоритет: **Зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование**

**Цели:**

- зајакнување на потребните компетенции на воспитно-образовниот кадар за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес преку следење акредитирани обуки и обезбедување кариерен развој;
- развивање на процедури и инструменти за следење и унапредување на работата на воспитно-образовниот кадар, како и за следење на воспитно-образовниот процес;
- обезбедување на континуирана советодавна-стручна помош на училиштата за концепциските и системските промени во воспитно-образовниот процес.

Приоритет: **Унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците**

**Цели:**

- реформирање на процесот на следење и оценување;
- зајакнување на вештините на наставниците за објективно оценување;
- усогласување на педагошката документација и евиденција во согласност со барањата и потребите во предучилишното, основното и средното образование.

Приоритет: **Решавање на имотно-правните односи на Бирото за развој на образованието**

**Цел:**

- располагање со сопствени простории за работа во Скопје и подрачните единици.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД 2024 ГОДИНА

Бирото за развој на образованието во согласност со надлежностите и во насока на исполнување на приоритетите и целите планира активности кои се спроведуваат редовно притоа обезбедувајќи континуитет и меѓусебна поврзаност.

Освртот на постигнатите резултати од 2024 година ги вклучува и клучните компоненти на функциите, нивниот опис, како и информации коишто ги покажуваат постигнатите резултати.

Проектираните цели/резултати и активности се групирани под секој стратешки приоритет, но меѓусебно се хоризонтално/вертикални поврзани низ сите стратешки цели со зајакнати влијанија во насока на приоритетите.

Бирото за развој на образованието во 2024 година интензивно работеше во сите сегменти од неговата надлежност.

Во продолжение се наведени некои од клучните проектирани резултати и активности:

- ***Предучилишно образование:*** Со користење на инструментот Мелко (Melqo), за прв пат во нашата држава спроведено е истражување за мерење на квалитетот во предучилишното воспитание и образование. Добиените податоци ќе се користат за ревидирање на стандардите за рано учење и развој и за ревидирање на програмата за рано учење и развој на децата од 0 до 6 години.

- ***Основно образование:*** Изработени се 20 наставни програми за осмо одделение по сите предмети, вклучувајќи јазици, природни науки, општествени науки, уметности, техничко образование и спорт. За слободни изборни предмети за вториот и третот период од основното образование, изработени се 9 програми, како и дополнителни програми за деветто одделение. Изработени се повеќе наставни програми за предметите Јазик и култура на Србите и Јазик и култура на Турците за повеќе одделенија, како и за наставните предмети Биологија, Хемија, Физика, Историја, Географија и Граѓанско образование за седмо одделение. Направени се дополнувања на постојните програми за седмо одделение и донесени нови планови за учебната 2024/25 година, вклучувајќи наставни планови за ученици со оштетен вид, слух, ментални пречки, мултихендикеп и аутизам. Обучени се 1877 наставници за планирање и реализација на наставата во шесто одделение за учебната 2024/25 година. Во рамки на проектот Подобрување на основното образование, обучени се вкупно 15.985 наставници и 874 стручни соработници. Изготвени се насоки за организација и реализација на наставата, измени и дополнувања на концепцијата за

основно образование, како и инструмент за следење и вреднување на работата на наставниците. Анализирани се 5 учебници за шесто одделение и 9 учебници за седмо одделение за различни предмети, како и анализа на стручна литература и детски списанија. Реализирани се стручни увиди на над 1024 наставни часа во 323 училишта, со изготвени извештаи за стручен увид. Обезбедена е поддршка при спроведувањето на ТИМСС тестирањето.

- ***Средно образование:*** - Изработена е наставна програма за германски јазик за прва година гимназиско образование, со експериментална настава со 6 часа неделен фонд. За полагање државна матура, изработени се две нови испитни програми за предметите Српски јазик и литература, како и Италијански јазик, кои важат за гимназијско, уметничко и средно стручно образование. За учебната 2024/2025 година, изработени се тестови по математика и физика за приемен испит во Математичко-информатичката гимназија, како и тестови за квалификационо тестирање по мајчин јазик, математика, биологија и хемија за упис во гимназиско и здравствено средно стручно образование. Изработени се предлози за нов Закон за средното образование, Закон за средно стручно образование и документ насловен „Национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното образование“. Реализирани се активности од Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година, вклучувајќи ликовен конкурс „Справување со загадувањето од пластика“, работилници за воспитувачи од детските градинки за здравјето и безбедноста на децата, како и работилници за наставници и ученици од средните училишта во Битола, Ресен и Демир Хисар за заштита на правата на потрошувачите. Анализирани се потребите за обука на наставниците во средните училишта, што овозможи избор на теми за обука преку проектот на ИПА. Акредитирана е програма за обука и понудувач за дигитални вештини кај наставниците, со вкупно 2.001 обучен наставник. Следени се реализацијата и квалитетот на обуките преку 10 групи, со посети и стручни увиди во средните училишта со франкофонски двојазични паралелки. Изработен е извештај со конкретни мерки за подобрување на резултатите од ПИСА 2022, фокусирајќи се на поттикнување на критичкото и креативното размислување на учениците за поефективна реализација на наставата и применување на знаењата во практичен живот, Реализирани се обуки за наставници што предаваат во прва година по мајчин јазик, природни науки, математика и информатика, со вкупно 840 присутни наставници на македонски и албански наставен јазик.  Обезбедена е поддршка при спроведувањето на државната матура и државното тестирање. Спроведено е истражување на тема „Реформи во гимназиското образование“, со цел да се развијат

понатамошни политики за унапредување на гимназиското образование. Изготвен е извештај кој детално ги претставува реформите и препораките за идните чекори.

- **испечатени и издадени обрасци** на педагошката документација за основно и средно образование на македонски, албански, турски, српски и босански јазик;

Дел од реализираните активности во текот на 2024 година Бирото за развој на образованието ги реализираше со стручна помош и поддршка на невладини организации, а дел и со ангажирање надворешни експерти, организација на обуки на наставници и подготовка на документи и материјали за подобрување на квалитетот на образованието и за поддршка на наставниците.

- Соработка со УНИЦЕФ
- Соработка со канцеларијата на Совет на Европа во Скопје
- Канцеларијата на Обединетите нации за борба против криминал и дроги (UNODC)
- Соработка со Меѓународна организација ИРЕКС
- Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА.

## 1.11. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД 2025 ГОДИНА

Преку активностите прикажани во Полугодишниот-статус извештај на програмата/потпрограмите од Годишниот план за работа на Бирото за 2025 година може да се согледа дека Годишниот План во голем дел е реализиран. Активностите и работните задачи на вработените, во најголема мера, се извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели, истотака и реализирани се активности и задачи кои што не беа предвидени со планот за работа во тековната година.

Во согласност со своите надлежности и во насока на исполнување на своите приоритети и цели, Бирото за развој на образованието во 2025 година ги постигна следните посакувани и планирани резултати:

- ***Предучилишно образование:*** Преку проектот за подобрување на социјалните услуги, со поддршка на Светска Банка, заврши спроведувањето на третиот модул на обуки на тема„Инклузија и средина за учење“ за професионалниот развој на стручниот кадар на установите за згрижување, воспитание и образование на деца во детските градинки во Р.С. Македонија. Обучени се вкупно 1567 учесници, од кои 1384

воспитувачи и 183 директори и стручни работници/соработници. Изработен е Извештај за спроведена обука „*Инклузија и средина за учење*“ во рамки на проектот.

- ***Основно образование***: Изработени и донесени се 3 нови наставни програми за V-VII одделение, 24 за VIII одделение по сите предмети, како и три за слободни изборни предмети. Планирано е нивно имплементирање од учебната 2025/26 година, 9 за основно образование во воспитно-поправните установи; 9 за основно образование на возрасни; наставни планови за основно образование во воспитно-поправни установи и за ученици со посебни потреби (аутизам, мултихендикеп, пречки во психичкиот развој, оштетен вид и слух), како и за возрасни. Обуките на наставници од основното образование за планирање и реализација на наставата согласно новите програми се спроведени за 5230 наставници. Посебни обуки за наставата по предметот Иновации во IX одделение ги опфатија 12 наставници. Истовремено, сите предметни наставници беа обучени за реализирање на Општествено-хуманитарната работа од VII одделение. Анализирани се 55 доставени учебници/ракописи за учебници за седмо одделение, 94 учебници за други одделенија, 4 учебници за изборни наставни предмети и 82 доставени работни тетратки и изготвени се стручни мислења за сите. Реализирани се општи увиди во 334 училишта (што е околу 99% од вкупниот број). Посетени се 1087 часа по сите предмети, со изготвени извештаи за стручен увид. Испечатени се дидактички материјали за прво, второ и трето одделение, како и нивно преведување и лектурирање на пет јазици (македонски, албански, турски, српски, босански); Изработени се и донесени 11 правилници за основно образование. Спроведено е истражувањето : Финансиска писменост во основно образовани.

- ***Средно образование:*** Изработени се 20 наставни програми за прва година гимназиско образование по сите предмети, како и наставни програми за трета и четврта година (вклучувајќи специјализирани паралелки за италијански и француски јазик). За втора година се изработени 19 програми за различни предмети, со вклучување на експериментални програми за германски јазик. Изработени се 2 програми за училишна матура, 15 за државна стручна матура, 10 за државна уметничка матура, 3 за училишна стручна матура, 2 за училишна уметничка матура и 2 за завршен испит. Наставни планови за билингвални паралелки (мајчин јазик – англиски) и за експериментална настава со германски јазик со различни неделни фондови часови. Спроведени се обуки за наставници од гимназиското образование за планирање и реализација на наставата согласно новите програми, со вкупен број од 806 обучени наставници за прва година. Изработени се 8 правилници за средно образование, тестови за приемен испит во Математичко-информатичка гимназија,

тестови за квалификационо тестирање за упис во средните училишта за учебната 2025/26 година, како и инструмент за стручен увид во средните училишта за следната учебна година. Анализирани се 53 учебници за прва година гимназиско образование и изготвени се стручни мислења.
Акредитирани се две (2) приоритетни програми за обука на наставници и тоа: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“ (реализирани се вкупно 262 обуки, односно обучени се 5.771. Од вкупниот број на обучени наставници, 3.924 се жени, а 1.847 се мажи), и „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“ (реализирани се вкупно 240 обуки, односно обучени се 5.732. Од вкупниот број на обучени наставници, 3.729 се жени, а 2.003 се мажи). Акредитирана/реализирана е една (1) приоритетна програма за обука на стручните соработници и кариерните советници во средните училишта на тема: „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“ (реализирани се вкупно 20 обуки, односно обучени се 486. Од вкупниот број на обучени стручни соработници и кариерни советници, 409 се жени, а 77 се мажи).

Изработена Предлог - Концепција за изработка на учебници и Изработена Предлог - Методологија за вреднување на учебник и доставување до министер за образование и наука за донесување. Изработени се Критериуми за вреднување на работни тетратки по странски јазик од страна на работната група формирана за таа намена, и истите се донесени од страна на директорот на БРО. Изработена Програма за реализација на активности за заштита на потрочувачите. Реализирана прва активност согласно програмата: Ликовниот конкурс за децата од детските градинки и за учениците од основните и средните по повид 15 март Светскиот ден на правата на потрошувачите организиран во 4 (четири) категории. Доделени награди на учениците во настан организиран од БРО во соработка со Педагошки факултет „Св Климент Охридски“ по повод денот на правата на потрошувачите.
Изработена е предлог - Програма за стручно усовршување на наставниците од основните и средните училишта за 2025 година и предлог – Програма за стручно усовршување на стручните соработници од основните и средните училишта за 2025 година (истите се одобрени од страна на министерката за ообразование и наука). Изработен и донесен е нов Правилник за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните и средните училишта.
Изработена е Предлог - Концепција за изработка на учебници и Изработена е Предлог - Методологија за вреднување на учебник; Изготвени се критериуми за вреднување на

работни тетратки по странски јазици; Изготвени се критериуми за вреднување на работни тетратки за сите наставни предмети.

Испечатени и издадени се обрасци на педагошката документација за основно и средно образование на македонски, албански, турски, српски и босански јазик; извршено лектура, превод, јазична редакција и техничко уредување (коректура). Издадена е и монографијата „БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО / 70 години ЗНАЕЊЕ, ВИЗИЈА, ПОСВЕТЕНОСТ И РАЗВОЈ / МОНОГРАФИЈА 1955 – 2025“.

Дел од реализираните активности во текот на 2025 година Бирото за развој на образованието ги реализираше со стручна помош и поддршка на невладини организации, а дел и со ангажирање на надворешни експерти, организација на обуки на наставници и подготовка на документи и материјали за подобрување на квалитетот на образованието и за поддршка на наставниците.

- Соработка со УНИЦЕФ;
- Соработка со канцеларијата на Совет на Европа во Скопје;
- Канцеларијата на Обединетите нации за борба против криминал и дроги (UNODC)
- Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА.

# 2. ПРОГРАМИ

Програма 1: **Квалитетно предучилишно, основно и средно образование**

## 2.1. План за спроведување на Програмата: **Квалитетно предучилишно, основно и средно образование**

| А: Оправданост и дизајн на Програмата 1 |
|---|
| **Образложение:** Програмата **Квалитетно предучилишно, основно и средно образование** произлегува од:<br>1. Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на стратешки приоритети за 2024 - 2028 година „сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици“;<br>Воедно програмата произлегува од приоритетните цели содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година „подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето“ и „развој на национална образовна и истражувачка ИКТ опрема“. |
| 2. НПАА Кластер 3. Конкурентност и инклузивен раст<br>3.26. Образование, култура и млади<br>3.26.1 Образование |
| Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:<br>- унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;<br>- зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;<br>- унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците.<br><br>Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:<br>- да се имплементираат реформите во основно образование согласно Концепција за основно образование вклучително и Концепцијата за инклузивно образование;<br>- да се утврди Концепцијата за средно гимназиско образование и да се развиваат наставен план и наставни програми;<br>- да се следи имплементацијата на реформите во средно гимназиско образование; |

| |
|---|
| - а се спроведат истражувања за унапредување на образованието;<br>- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;<br>- да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој. |
| Цел на Програмата: **подобрен квалитет на знаењата на децата и учениците** |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>-изработени/ревидирани стандарди за предучилишно, основно и средно образование;<br>- изработени нови наставни програми, концепции и подзаконски акти;<br>- број на истражувања и анализи од обласа на образованието;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар со зајакнати компетенции;<br>-број на посети за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници;<br>- испечатена и дистрибуирана педагошка документација и евиденција. |
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата)<br>√ Хоризонтална √ Вертикална |

| | |
|---|---|
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата: Квалитетно предучилишно, основното и средно образование** | |
| **Потпрограма 1:**<br>Стандарди за предучилишно образование | **Показател за успешност за 202 6, 2027 и 2028 година:**<br>- изработена програма за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за примена на новата програма, ревидираната педагошка евиденција и документација и за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес за 2026, 2027 и 2028 година. |
| **Потпрограма 2:**<br>Стандарди, наставни планови и програми за основно образование | **Показател за успешност за 2026, 2027 и 2028 година:**<br>- број на изработени нови наставни програми базирани на националните |

| | |
|---|---|
| | стандарди за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на изработени документи поврзани со воспитно-образовниот процес во основното образование;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за имплементација на новите наставни програми за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес за 2026, 2027 и 2028 година. |
| Потпрограма 3:<br>Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко-информатичка гимназија) | **Показател за успешност за 2026, 2027 и 2028 година:**<br>- изработена Национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното образование;<br>- број на изработени нови наставни програми за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за имплементација на новите наставни програми за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на изработени документи поврзани со воспитно-образовниот процес во средно образование;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за инклузивно образование и за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес за за 2026, 2027 и 2028 година. |
| Потпрограма 4:<br>Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование | **Показател за успешност за 2026, 2027 и 2028 година:**<br>- број на анализи за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на истражувања за 2026, 2027 и 2028 година. |
| Потпрограма 5. | **Показател за успешност за 2026, 2027 и** |

| | |
|---|---|
| Континуиран професионален развој на воспитно-образовниот кадар (наставвници и стручни соработници) и советодавна стручна работа во предучилишното, основното и средното образование | 2028 година:<br>- број на обучени наставници и стручни соработници преку акредитирани програми за обуки и понудувачи за услуги за 2026, 2027 и 2028 година;<br>- број на стручни увиди за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници и извештаи за истите за 2026, 2027 и 2028 година. |
| Потпрограма 6:<br>Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви | **Показател за успешност за 2026, 2027 и 2028 година:**<br>- изработени, испечатени и дистрибуирани обрасци за основно и средно образование;<br>- издадени материјали за учење, прирачници за наставници и други дидактички материјали;<br>- збогатена библиотека на Бирото со стручна литература;<br>- изработени прегледи за бројот на учениците и бројот на паралелките според наставен јазик за основните и средните училишта во Република Северна Македонија;<br>- преведени обрасци за основно и средно образование (на албански, турски, српски и босански јазик) со лектура, коректура и техничко уредување;<br>- преведени материјали за учење, прирачници за наставници и други дидактички материјали;<br>- преведени и лекторирани документи од Бирото при службена писмена коресподенција;<br>- ажурирана интернет страната на Бирото; |

| | |
|---|---|
| | - број на обучени советници од Бирото за развивање дигитални содржини. |
| Потпрограма 7:<br>Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците | **Показател за успешност за 202 6, 2027 и 2028 година:**<br>- број на обучен воспитно образовен кадар за подготовки на меѓународната студија ТИМСС за 2027 година;<br>- број на обучен воспитно-образовен кадар за подготовки за меѓународната студија ПИСА за 2029 година. |

## Б: План за спроведување на програмата:
## Квалитетно предучилишно, основно и средно образование

**Потпрограма 1:** Стандарди за предучилишно образование

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Изработување на стандарди за рано учење и развој | - Секторот за за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници на детски градинки | I квартал 2026 | IV квартал 2026 | 20 | | | 500.000 | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработување на програма за рано учење и развој за деца на возраст 0 – 6 години | - Секторот за за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници на детски градинки | II квартал 2026 | IV квартал 2026 | 20 | . | | 500.000 | | |
| 3. | Ревидирање на педагошка евиденција и документација | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници на детски градинки | I квартал 2026 | IV квартал 2026 | 20 | | | 50.000 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава | | | | | | | | | |
| 4. Реализирање обуки за воспитно-образовниот кадар за примена на стандардите, новата програма за рано учење и развој и примена на ревидираната педагошка евиденција и документација | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и | - МСПДМ<br>- Практичари<br>-Универзитетски професори | I квартал 2026 | IV квартал 2026 | 20 | | | 400.000 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одделенската настава | | | | | | | | | |
| 5. Реализирање на обуки за воспитно-образовниот кадар за унапредување на соработката на градинката со родителите и заедницата | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници на детски градинки | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | 15 | 15 | 15 | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| 6. Реализирање обуки за воспитно-образовен кадар за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | 15 | 15 | 15 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава | на детски градинки | | | | | | | | |
| 7. Изработка на други документи поврзани со предучилишното воспитание и образование | Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во | - МСПДМ,<br>- УКИМ,<br>- Педагошки факултети,<br>- УНИЦЕФ<br>- канцеларијата на ЕУ во РСМ<br>- претставници на детски градинки | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | 15 | 15 | 15 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предучилишното воспитание и одделенската настава | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во I година: 7 | | | | | 125 | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 3 | | | | | | 45 | | | | |
| Вкупно активности во III година: 3 | | | | | | | 45 | | | |
| Вкупно за потпрограма 1: 13 | | | | | | | | 1.750.000 | 300.000 | 300.000 |

| Потпрограма 2: Стандарди, наставни планови и програми за основно образование | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год. | III год. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Изработување /ревидирање на наставни програми за VIII (осмо) и IX (деветто) одделение на основното образование | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот | - други сектори во БРО,<br>- надворешни соработници | I квартал 2026 | IV квартал 2026 | 40 | | | 500.000 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование | | | | | | | | | |
| 2. Реализирање обуки за воспитно-образовен кадар за примена на новите наставни програми за VIII (осмо) и IX (деветто) одделение на основното образование | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и одделенската настава<br>- Одделение за | - други сектори во БРО;<br>- надворешни соработници. | II квартал 2026 | III квартал 2027 | 40 | 40 | | 300.000 | 300.000 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование | | | | | | | | | |
| 3. Изработка на други документи поврзани со основното образование | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предучилишното воспитание и | - други сектори во БРО,<br>- надворешни соработници | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | 30 | 30 | 30 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одделенската настава<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование | | | | | | | | | |
| 4. Реализирање обуки за воспитно-образовен кадар за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес | - Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и | - други сектори во БРО,<br>- надворешни соработници | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | 30 | 30 | 30 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | програми во предучилишното воспитание и одделенската настава<br>- Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во предметна настава во основното образование | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во I година: 4 | | | | | 140 | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 3 | | | | | | 100 | | | | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | 60 | | | |
| Вкупно за потпрограма 2: 9 | | | | | | | | 800.000 | 300.000 | |

**Потпрограма 3:** Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко-информатичка гимназија)

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски (МКД) |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработување на нови наставни програми за средно гимназиско образование | Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, општо-образовните предмети во стручното образование и уметничкото образование | - други сектори во БРО,<br>- надворешни соработници | I квартал 2026 | IV квартал 2028 | I год.<br>100 | II год.<br>100 | III год.<br>100 | I год.<br>1.900.000 | II год.<br>3.000.000 | III год.<br>3.000.000 |
| 2. | Реализирање обуки за воспитно-образовен кадар за примена на новите наставни | Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој | - други сектори во БРО,<br>- надворешни соработници | II квартал 2026 | III квартал 2028 | 15 | 15 | 15 | 600.000 | 900.000 | 900.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| програми за средно гимназиско образование | на стандарди, наставни планови и програми Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, општо-образовните предмети во стручното образование и уметничкото образование | | | | | | | | | |
| 3. Изработување на нова Концепција за средно уметничко образование | Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми Одделение за | - други сектори во БРО;<br>- надворешни соработници. | I квартал 2026 | IV квартал 2026 | 10 | | | 100.000 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во гимназиското образование, општо-образовните предмети во стручното образование и уметничкото образование | | | | | | | | | |
| 4. Изработување на нови наставни програми за средно уметничко образование | Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми Одделение за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, | - други сектори во БРО;<br>- надворешни соработници. | I квартал 2027 | IV квартал 2028 | | 200 | 200 | | 2.000.000 | 2.000.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставни планови и програми во гимназиското образование, општо-образовните предмети во стручното образование и уметничкото образование | | | | | | | | | |
